УЖ.бр.924/2012

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ВИШИОТ УПРАВЕН СУД, во совет составен од судиите: Лидија Каначковиќ - претседател на советот, Загорка Тноковска и М-р Џемали Саити - членови на советот, со записничар Верица Гавровска - Петровска, судски соработник, одлучувајќи по жалбата на , против Пресудата на Управниот суд У.бр.5599/2009 од 17.01.2012 година, за заштита на личните податоци, на седницата одржана на ден 11.07.2012 година, донесе:

П Р Е С У Д А

Жалбата на СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Пресудата на Управниот суд У.бр.5599/2009 од 17.01.2012 година СЕ ПОТВРДУВА.

О б р а з л о ж е н и е

Управниот суд одлучувајќи по тужбата на тужителот за поништување на Решението бр.09-752/11 од 07.09.2009 година на на Директорот на Дирекцијата за заштита на личните податоци ја одбил како неоснована.

Против Пресудата на Управниот суд жалба изјави , во која наведе дека при донесувањето на пресудата направени се суштествени повреди на постапката, погрешно и нецелосно е утврдена фактичката состојба и погрешно е применето материјалното право. Предложи пресудата да биде укината, предметот да се врати на повторно одлучување пред Управниот суд и жалбата на тужителот да биде уважена.

Во одговор на жалба тужениот наведе дека жалбата е неоснована и предложи истата да се одбие.

Вишиот управен суд по проучување на списите по предметот, ценејќи ги наводите во жалбата, испитувајќи ја побиваната пресуда во смисла на член 354 став 1 од Законот за парничната постапка најде:

Жалбата е неоснована.

Во постапка пред Дирекцијата за заштита на личните податоци, врз основа на член 18-а став 1 од Законот за заштита на личните податоци постапувајќи по барањето бр.09-752/1 од 24.06.2009 година за утврдување на повреда на правото на заштита на личните податоци поднесено од е донесено решение бр. 09-752/8 од 12.08.2009 година со кое се утврдува повреда на правото на заштита на личните податоци на заради неоснована, односно преобемна обработка на неговите лични податоци во однос на целта заради кои се собрани и обработени од страна на и одговорното лице . Во ставот 2 од наведеното решение се задолжуваат и одговорното лице веднаш сметајќи од денот на приемот на ова решение да ги отстранат коментарите поврзани со фотографиите од ВЕБ страницата на , а кои се однесуваат на домот на . Во наведеното решение во упатството за правното средство стои дека против решението може да се поднесе тужба за поведување на управен спор до Управниот суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

Тужителот сега жалител наместо тужба за управен спор согласно уптството за правното средство, вложил жалба до Директорот на Дирекцијата за заштита на личните податоци. Во жалбата наведува дека по приемот на решението се констатирало дека е направен превид во делот на правните лекови и дека во истото не е назначено дека постои можност за жалба, со што е ставен во позиција да биде во заблуда заради што и е поднесена жалба против наведеното решение.

Одлучувајќи по вака поднесената жалба Директорот на Дирекцијата за заштита на личните податоци врз основа на член 41-а алинеја 3 од Законот за заштита на личните податоци како и во согласност со член 234 став 2 а в.в член 227 став 4 и 5 од Законот за општата управна постапка жалбата на против решението бр.09-752/8 од 12.08.2009 година ја отфрлил како недопуштена. Притоа, органот нашол дека упатството за правно средство е дадено во согласност со член 18-а став 3 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ 7/05 и 103/08) кое упатува на тоа дека против решението може да се поднесе тужба за поведување на управен спор до Управниот суд на Република Македонија во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Управниот суд со обжалената Пресуда, тужбата на тужителот против наведеното решение ја одбил како неоснована, наоѓајќи дека оспореното решение на Директорот на Дирекцијата за заштита на личните податоци е правилно и законито.

Вишиот управен суд наоѓа дека со пресудата на Управниот суд не е повреден законот на штета на тужителот.

Согласно член 18-а од Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија" 103/08) е регулирано дека против решението на Директорот на Дирекцијата може да се поднесе тужба за поведување на управен спор до надлежниот суд во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Согласно член 4-б од истиот закон е пропишно дека постапките предвидени со овој закон ќе се водат согласно со одредбите од Законот за општата управна постапка, ако со овој закон поинаку не е уредено.

Согласно член 213 став 1 од Законот за општата управна постапка е пропишно дека со упатството за правно средство странката се известува дали против решението може да изјави жалба или да поведе управен спор или друга постапка пред суд.

Согласно член 324 став 2 од истиот закон недопуштената ненавремената или од неовластено лице изјавената жалба органот од прв степен ќе ја отфрли со решение.

Врз основа на изнесеното, имајќи ја во предвид ваквата правна и фактичка состојба на работите по предметот, овој суд наоѓа дека Управниот суд побиваната Пресуда ја донел во согласност со Законот за управните спорови, Законот за заштита на личните податоци и Законот за општата управна постапка.

Ова од причина што од увидот во решението донесено од Директорот на Дирекцијата за заштита на личните податоци бр.09-752/8 од 12.08.2009 година каде е утврдена повредата на правото на заштита на личните податоци од страна на , недвосмислено се утврди дека органот кој одлучувал и го донел наведеното решение во поглед на упатството за правно средство постапил правилно и во согласност со член 18-а став 3 од Измените на Законот за заштита на личните податоци, навел дека против решенито може да се поднесе тужба за поведување на управен спор до Управниот суд во рок под 15 дена од денот на приемот на решението. Тужителот сега жалител наместо тужба поднел жалба наведувајќи во истата дека смета дека треба да се поднесе жалба, а не тужба како што е упатството за правното средство во оспореното решение. Постапувајќи така тужителот поднел недозволена жалба во смисла на член 234 став 2 од Законот за општата управна постапка поради што основано Директорот на Дирекцијата за заштита на личните податоци така поднесената жалба ја отфрлил како недопуштена.

Судот при одлучување ги ценеше наводите во жалбата од тужителот но најде дека истите се неосновани и не се од влијание за поинакво одлучување од причини што се погоре изнесени.

Имајќи го во предвид горенаведеното Вишиот управен суд одлучи како во изреката на пресудата, согласно член 357 од Законот за парничната постапка, во врска со член 51 од Законот за управните спорови.

Пресудено во Виш управен суд на ден 11.07.2012 година под УЖ.бр.924/2012.

Записничар-судски соработник
Верица Гавровска-Петровска с.р.

Претседател на совет-Судија
Лидија Каначковиќ с.р.

/МА

Согласноста на преписот
со изворникот го потврдува
УПРАВИТЕЛ НА СУДСКАТА ПИСАРНИЦА